# ПРОФИЛ НА МОЈОТ ПРАТЕНИК

- извештај -

МЦМС

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ 10 години

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски институт за медиуми (МИМ)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС
Билјана Петковска, извршен директор на МИМ

**Автори**
Даниела Стојанова
Сашо Клековски

**Лектура**
Даниел Медароски

**Подготовка**
Даниела Стојанова, МЦМС

ISBN 978-608-4617-19-8

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС, МИМ**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# СОДРЖИНА

Вовед ..... 3

Вредностите на мојот пратеник ..... 4

Професијата на мојот пратеник ..... 6

Социо-демографските карактеристики и изборот на мојот пратеник ..... 8

Други прашања при изборот на пратеници ..... 9

Заклучоци ..... 11

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори, кои вклучуваат истражувања, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Како почетна активност беше испитано јавното мислење за карактеристиките на пратеникот за кој граѓаните би го дале својот глас и други причини заради кои би го дале гласот за една од предложените пратенички листи. Граѓаните беа запрашани за вредностите кои треба да ги поседува кандидатот за пратеник за кој ќе гласаат тие, потоа за неговата професија, етничката припадност и сл.

Испитувањето на јавното мислење е направено преку телефонска анкета од страна на ИДСЦС на 26 април 2011 г. на репрезентативен примерок од 413 испитаници со +/- 5 % грешка. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериумите за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Од 413 испитаници, 51,8 % беа жени, а 48,2 % мажи, во однос на етничката застапеност 72,4 % од испитаниците беа Македонци, а 22,8 % Албанци, додека другите етнички групи беа застапени со 4,8 %. Во однос на местото на живеење, руралната популација беше застапена со 29,8 %, додека градската со 70,2 % (градот Скопје со 24,7%).

Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Покрај графиконите, податоците се прикажани и во бројки. Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %. Социо-демографските анализи за помалобројните социо-демографски групи поради нивното мало учество во националниот примерок не се коментирани во овој извештај. Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

# ВРЕДНОСТИТЕ НА МОЈОТ ПРАТЕНИК

Вредностите се темелите на личноста на човекот, на одредена општествена група или пак култура. Заедно со нормите, знаењето, вештините и сл. го одредуваат однесувањето на личноста. Тие стануваат уште поважни, кога се работи за избор на личност која ќе претставува и застапува поголема група во законодавниот дом. Граѓаните на Република Македонија беа запрашани кои се трите најзначајни вредности кои треба да ги поседува личноста, кандидат за пратеник.

Чесноста е најзначајна вредност која треба да ја поседува пратеникот за мнозинство граѓани (71,6 %). Другите вредности се битни за малцинство од граѓаните, односно втората и третата најзначајна вредност, одговорноста и трудољубивоста ги избрале 28,1 %, т.е. 25,9 % од граѓаните. Меѓу петте најважни се и толеранцијата и несебичноста.

Одговорноста, трудољубивоста и толеранцијата се и меѓу петте најважни вредности за граѓаните на кои треба детето да се научи дома. Од друга страна солидарноста, како комплементарна на несебичноста и отчетноста, како комплементарна вредност на чесноста и одговорноста, не се наоѓаат на листата на петте најважни вредности за граѓаните, ниту пак на листата на петте вредности кои најдобро ја претставуваат Македонија (Клековски С. ет ал., 2011).

Вредности на кои граѓаните најмалку обрнуваат внимание кога се во прашање пратениците се заштитата на природата (1,9 %) и религиозноста (2,4 %).

**Графикон 1. Ставот на граѓаните за важноста на вредностите на нивниот (кандидат за) пратеник**




Избраните вредности за пратеникот се дел и од свечената изјава на пратениците, која ја даваат пред преземањето на должноста: Изјавувам дека функцијата пратеник ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија.

Нема поголеми разлики во изборот на најзначајните вредности кои треба да ги поседува кандидатот за пратеник врз основа на социо-демографските карактеристики на граѓаните, освен кај неколку од нив, и тоа по различна основа. Чесноста е позначајна за машките избирачи, отколку за женските (за 11,5 процентни поени), како и за граѓаните на возраст над 41 година и за оние со средно и основно образование. Втората вредност по значајност за граѓаните, која треба да ја поседува кандидатот за пратеник за кого би гласале, одговорноста е најмалку значајна за највозрасните граѓани и граѓаните од помалите градови. Одговорноста воопшто не е спомената како значајна од страна на граѓаните со незавршено основно образование, а за нив позначајна е „несебичноста“.

Несебичноста е најмалку значајна за најмладите испитаници и оние од поголемите градови. За граѓаните со средно и со високо образование позначајни во однос на оние граѓани со незавршено основно или со основно образование се „толеранцијата и „трудољубивоста“.

**Табела 1. Влијание на нивото на образованието врз изборот на вредности**

| Образование / Вредност | Незавршено основно | Основно | Средно | Вишо и високо | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Чесност** | 52,9 % | 72,9 % | 73,9 % | 68,4 % | **71,4 %** |
| **Одговорност** | 0,0 % | 43,8 % | 28,6 % | 33,3 % | **30,5 %** |
| **Трудољубивост** | 23,5 % | 20,8 % | 32,5 % | 29,8 % | **30,0 %** |
| **Толеранција** | 11,8 % | 14,6 % | 31,6 % | 28,9 % | **28,1 %** |
| **Несебичност** | 35,3 % | 29,2 % | 27,4 % | 20,2 % | **25,9 %** |

По етничка основа нема разлики во однос на „**чесноста**“, „**трудољубивоста**“ и „**толеранцијата**“. Разлика се јавува во однос на „**одговорноста**“ и „**несебичноста**“, односно за етничките Албанци тие се значително поважни, отколку за етничките Македонци. Ова се одразува и на влијанието на религиската припадност и изборната единица (види подолу), односно за припадниците на исламот „одговорноста“ и „несебичноста“ се позначајни во однос на припадниците на православната религија.

Од која изборна единица доаѓаат граѓаните има исто така влијание врз изборот на најважните вредности кои треба да ги поседува нивниот (кандидат за) пратеник. Чесноста е скоро подеднакво споделена кај граѓаните од сите изборни единици, единствената разлика е кај граѓаните од третата изборна единица. За овие граѓани значително помалку во однос на другите граѓани, но и вредности, е важна трудољубивоста на пратеникот. За граѓаните од четвртата изборна единица најмалку важна е толеранцијата, а оваа вредност пак е втора по важност (по чесноста) за граѓаните од втората изборна единица. Граѓаните од шестата изборна единица пак втора по важност ја сметаат одговорноста.

**Табела 2. Влијание на местото на гласање врз изборот на вредности**

| Образование / Вредност | ИЕ 1 | ИЕ 2 | ИЕ 3 | ИЕ 4 | ИЕ 5 | ИЕ 6 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Чесност** | 72,7% | 74,3% | 60,0% | 77,1% | 73,1% | 71,4% | **71,4 %** |
| **Одговорност** | 36,4% | 27,1% | 10,0% | 22,9% | 25,4% | 61,4% | **30,5 %** |
| **Трудољубивост** | 22,7% | 38,6% | 5,7% | 42,9% | 46,3% | 24,3% | **30,0 %** |
| **Толеранција** | 28,8% | 57,1% | 11,4% | 5,7% | 41,8% | 24,3% | **28,1 %** |
| **Несебичност** | 27,3% | 17,1% | 2,9% | 50,0% | 19,4% | 38,6% | **25,9 %** |

# ПРОФЕСИЈАТА НА МОЈОТ ПРАТЕНИК

Граѓаните најмногу би сакале нивниот (кандидат за) пратеник да биде самостоен вршител на дејност, поточно мнозинство граѓани се определиле за оваа професија (60,0 %). Другите професии се избрани од страна на малцинство од граѓаните.

Сепак и лекарите (32,9 %), и наставниците (30,0 %), и градоначалниците (24,5 %) и бизнисмените (21,8 %) се посакувани професии за пратеник во Собранието на Република Македонија. Лекарите и наставниците уживаат и најголема доверба од страна на граѓаните (64,9 %, т.е. 66,6 %) (Клековски ет ал., 2010). Свештениците и полицајците, кои се следни професии согласно довербата од граѓаните, кога се работи за посакувана професија за (кандидатот за) пратеникот се во долниот дел на листата.

Граѓаните најмалку би сакале нивниот (кандидат за) пратеник да биде спортист (2,9 %) и лице од шоу-бизнисот (3,4 %).

**Графикон 2. Професијата која сакам да ја има мојот (кандидат за) пратеник**




Нема значителни разлики врз основа на полот. Етничката припадност има влијание кога се работи за петте најпосакувани професии на пратеникот, слично како и религиозната припадност. Најголеми се разликите за градоначалник, а потоа за самостоен вршител на дејност и лекар, професии на пратеникот кои се најпосакувани од страна на етничките Албанци. Кај етничките Македонци најпосакувани професии за пратеникот кој ќе ги претставува во Собранието на Република Македонија се вршител на самостојна дејност, бизнисмен и лекар.

**Табела 3. Влијание етничката припадност на изборот на професијата на пратеникот**

| Професија / Етничка припадн. | Самостоен вршител на дејност | Лекар | Наставник | Градо-началник | Бизнисмен |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | 55,2 % | 26,4 % | 27,1 % | 11,4 % | 26,8 % |
| **Албанци** | 78,7 % | 53,2 % | 35,1 % | 63,8 % | 8,5 % |
| **Вкупно** | **60,0 %** | **32,9 %** | **30,0 %** | **24,5 %** | **21,8 %** |

Најпосакуваната професија за (кандидатот за) пратеник, самостоен вршител на дејност, е најпосакувана за сите нивоа на социјален статус и образование, освен на оние граѓани кои не завршиле основно образование. Овие граѓани најмногу посакуваат нивниот пратеник да биде наставник. Граѓаните со вишо и високо образование ги преферираат професиите самостоен вршител на дејност, бизнисмен и наставник, граѓаните со средно образование - самостоен вршител на дејност, лекар и наставник, оние со основно образование - самостоен вршител на дејност, градоначалник и лекар.

**Табела 4. Влијание на нивото на образование на изборот на професијата на пратеникот**

| Професија / Образование | Самостоен вршител на дејност | Лекар | Наставник | Градо-началник | Бизнисмен |
|---|---|---|---|---|---|
| **Незавршено основно** | 29,4 % | 11,8 % | 41,2 % | 5,9 % | 17,6 % |
| **Основно** | 60,4 % | 41,7 % | 29,2 % | 47,9 % | 12,5 % |
| **Средно** | 60,3 % | 36,8 % | 30,8 % | 23,1 % | 19,7 % |
| **Вишо и високо** | 64,0 % | 24,6 % | 27,2 % | 20,2 % | 30,7 % |
| **Вкупно** | **60,0 %** | **32,9 %** | **30,0 %** | **24,5 %** | **21,8 %** |

Самоперцепцијата за социјалниот статус има влијание кај изборот на некои професии. Граѓаните коишто се гледаат како припадници на повисоката средна класа по самостоен вршител на дејност, најмногу преферираат нивниот пратеник да биде градоначалник или бизнисмен, а оние од пониската средна и работничката класа, ги избрале лекарите и наставниците.

**Табела 5. Влијание на самоперцепцијата за социјалниот статус на изборот на професијата на пратеникот**

| Професија / Самоперцепција за социјален статус | Самостоен вршител на дејност | Лекар | Наставник | Градо-началник | Бизнисмен |
|---|---|---|---|---|---|
| **Висока класа** | 66,7 % | 33,3 % | 33,3 % | 33,3 % | 0,0 % |
| **Повисока средна класа** | 70,4 % | 27,8 % | 20,4 % | 35,2 % | 33,3 % |
| **Пониска средна класа** | 60,0 % | 36,6 % | 34,6 % | 22,0 % | 25,4 % |
| **Работничка класа** | 52,2 % | 25,7 % | 23,9 % | 19,5 % | 14,2 % |
| **Пониска класа** | 68,4 % | 42,1 % | 36,8 % | 36,8 % | 10,5 % |
| **Вкупно** | **60,0 %** | **32,9 %** | **30,0 %** | **24,5 %** | **21,8 %** |

Во однос на местото на живеење, најголемо влијание има кај професијата градоначалник, каде испитаниците кои живеат во село за над 30 процентни поени од другите посакуваат нивниот пратеник да бил градоначалник. Од која изборна единица е испитаникот, исто така има влијание врз изборот на професијата на пратеникот. Интересно е дека граѓаните од третата изборна единица скоро и да не сакаат градоначалник да биде нивни пратеник (1,4 %), за разлика од шестата изборна единица (61,4 %). Всушност за граѓаните од третата изборна единица ниту една од понудените професии не е најпосакувана.

**Табела 6. Влијание на изборната единица на изборот на професијата на пратеникот**

| Професија | Самостоен вршител на дејност | Лекар | Наставник | Градо-началник | Бизнисмен |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изборна единица 1** | 62,1 % | 22,7 % | 22,7 % | 15,2 % | 27,3 % |
| **Изборна единица 2** | 64,3 % | 45,7 % | 42,9 % | 30,0 % | 22,9 % |
| **Изборна единица 3** | 32,9 % | 17,1 % | 14,3 % | 1,4 % | 8,6 % |
| **Изборна единица 4** | 62,9 % | 22,9 % | 28,6 % | 10,0 % | 35,7 % |
| **Изборна единица 5** | 53,7 % | 31,3 % | 37,3 % | 28,4 % | 19,4 % |
| **Изборна единица 6** | 84,3 % | 57,1 % | 34,3 % | 61,4 % | 17,1 % |
| **Вкупно** | **60,0 %** | **32,9 %** | **30,0 %** | **24,5 %** | **21,8 %** |

# СОЦИО-ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ И ИЗБОРОТ НА МОЈОТ ПРАТЕНИК

Со анкетата се испитуваше и дали и како застапеноста на одредена социо-демографска група влијае на изборот за која пратеничка листа ќе гласаат граѓаните.

## Застапеност на жени, млади/возрасни, припадници на други етнички заедници и лица со хендикеп

Граѓаните беа прашани дали на пратеничките листи на главните политички партии треба да има жени, припадници на други етнички заедници, лица со хендикеп, млади до 27 години и возрасни граѓани на 65 години и дали тоа би влијаело на нивниот избор. На граѓаните им е важно на пратеничките листи да има жени (51,8 %) и млади луѓе до 27-годишна возраст (30,3 %).

**Графикон 3. На пратеничките листи на главните политички партии треба да има**




Очекувано, поголем дел од жените (54,2 %), но и од мажите (49,2 %) сметаат дека не пратеничките листа треба да има повеќе жени.

Граѓаните од скоро сите старосни групи, нивоа на образование и изборни единици најмногу ги избрале жените, освен кај помладите испитаници до 30 години (39,0 %), граѓаните со незавршено основно образование (35,3 %) и оние од петтата изборна единица (38,8 %). Кај овие групи предност пред жените имаат младите. Испитаниците кои живеат во село и од повисоката средна класа скоро подеднакво сметат дека и жените и младите треба да бидат позастапени на пратеничките листи.

## Етничката припадност на кандидатите за пратеници

Секој четврти граѓанин би гласал за кандидати од друга етничка заедница, а мнозинство (61,7 %) не би го направиле тоа.

**Графикон 4. Дали на изборите ќе гласате за кандидати на друга етничка заедница?**




Мажите многу повеќе од жените би гласале за кандидат од друга етничка задница (за 14,1 процентен поен). Најмногу би гласале испитаниците од 41 до 50 години (34,5 %), додека оние од 31 до 40 години се најмалку спремни (14,1 %) да гласаат за кандидат од друга етничка заедница. Големо мнозинство од етничките Албанци (78 %) не би гласале за кандидат за пратеник од друга етничка заедница, а и мнозинство етнички Македонци исто така (58,5 %).

Граѓаните со средно и вишо/високо образование, како и граѓаните што сметаат дека припаѓаат на повисоките класи и оние од Скопје и поголемите градови се исто така поспремни да гласаат за кандидат за пратеник од различна етничка припадност од нивната. Изборната единица исто има влијание врз спремноста да се гласа за кандидат од друга етничка припадност, така оние кои гласаат во шестата изборна единица се најмалку спремни да гласаат за кандидат од друга етничка припадност (10,0 %), а најголема е спремноста кај гласачите од првите две изборни единици. Повторно, кај гласачите од третата изборна единица се јавува поголем број неопределени граѓани, односно овој пат 24,3 % од гласачите немале став за ова прашање.

# ДРУГИ ПРАШАЊА ПРИ ИЗБОРОТ НА ПРАТЕНИЦИ

Покрај социо-демографските карактеристики, граѓаните беа запрашани и дали програмите и квалитетот на пратеничките листи на политичките партии влијаат врз нивниот избор на пратениците во Собранието на Република Македонија.

## Квалитет на кандидатите и изборната програма

Секој четврти граѓанин нема да обрнува внимание на квалитетот на кандидатската листа и програмата и ќе гласа за партијата чиј симпатизер е тој, а мнозинство од граѓаните (74,6 %) ќе гласаат за која било партија врз основа на квалитетот на кандидатите и изборната програма.

**Графикон 5. Дали на изборите ќе гласате за пратеничката листа на:**




Жените (79,4 %), повеќе од мажите (69,3%) одговориле „која било партија врз основа на квалитетот на кандидатите и изборната програма“, слично како и етничките Албанци (86,2 %), наспроти етничките Македонци (70,2 %). Испитаниците до 40 години најмногу би гласале за партија, наместо за програма и кандидат, наспроти повозрасните испитаници.

Во однос на изборните единици, од третата и шестата изборна единица (81,4 %) повеќе преферираат да гласаат за пратеничка листа од политичка партија кој понудила квалитетна програма и кандидати, отколку нивните сограѓани од другите изборни единици.

## Транспарентност во нудењето на пратеничките листи

Мнозинство од анкетираните граѓани (57,6 %) изјавиле дека би сакале да знаат кој од кандидатите на пратеничката листа е планиран за други владина (извршна) функција, а не за пратеник во Собранието на Република Македонија.

Нема поголеми разлики во изјавите на граѓаните врз основа на полот и возраста во однос на информираноста за плановите на политичките партии во однос на кандидатите на пратеничките листи.

Граѓаните од средната (повисока/пониска) класа повеќе би сакале да знаат кои од кандидатите за пратеници се планирани за извршна функција.

**Графикон 6. Дали би сакале да знаете кои кандидати на пратеничката листа се планирани за други владини/извршни функции?**




Има помали разлики и врз основа на етничката припадност, така етничките Албанци и избирачите од шестата изборна единица повеќе од етничките Македонци и другите изборни единици сакаат да бидат информирани за плановите на политичките партии во однос на ангажирањето на кандидатите за пратеник во извршната власт.

**Табела 7. Влијание на етничката припадност**

| Етничка п./ИЕ<br>Вредност | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ИЕ 1 | ИЕ 2 | ИЕ 3 | ИЕ 4 | ИЕ 5 | ИЕ 6 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сакам да сум информи-ран/а кои кандидати за пратеници ќе бидат анга-жирани во изврш. власт** | 51,2 % | 78,7 % | 69,7 % | 57,1 % | 35,7 % | 62,9 % | 47,8 % | 72,9 % | **57,6 %** |

Речиси исто граѓани како погоре (57,4 %) не би сакале градоначалниците да бидат кандидати на пратеничките листи, доколку не планираат по изборите да се ангажираат во Собранието.

**Графикон 7. Дали градоначалниците треба да бидат на пратенички листи , доколку потоа не планираат да се ангажираат во Собранието?**




Етничките Албанци и избирачите од петтата и шестата изборна единица сметаат дека градоначалниците кои не планираат да се ангажираат во Собранието не треба да бидат на пратеничките листи.

Поголем дел од испитаниците до 30 години исто така сметаат дека градоначалниците не треба да се кандидираат, доколку потоа не планираат да ја вршат функцијата пратеник, додека на највозрасните во најголем дел или им е сеедно или не дале одговор. Кандидатурата на градоначалниците, доколку не планираат да бидат пратеници, не ја оправдуваат или им е сеедно/немаат став и на оние граѓани кои се гледаат себеси како припадници на работничката класа.

# ЗАКЛУЧОЦИ

### Чесни и професионални пратеници

Граѓаните очекуваат идните пратеници да бидат чесни и професионални (одговорни, трудољубиви). Покрај овие вредности, граѓаните сакаат пратениците да бидат и несебични и толерантни.

### Жените и младите треба да бидат вклучени во пратеничките листи

Во кандидатите за пратеник треба да бидат вклучени повеќе жени и млади, како и други етнички заедници и лица со хендикеп.

### Граѓаните изјавуваат дека гласаат за квалитетни програми и кандидати

Мнозинство од граѓаните при изборот на пратеничка листа ќе се водат од понудениот квалитет на кандидатите и изборната програма од страна на политичките партии.

### Транспарентност во претставувањето на пратеничките листи

За информирање на граѓаните и нивна одлука заснована на квалитет потребно е јавно претставување на кандидатите за пратеници преку јавни настапи и дебати и објавување на нивните биографии на веб-страниците на политичките партии.

Прашање е на фер и етичко однесување, транспарентноста во смисла „понуден кандидат – избран пратеник“ со објава на кандидатите кои по изборите се планирани за други владини (извршни) функции и избегнување кандидати кои не планираат по изборите да се ангажираат во Собранието на Република Македонија.

Мнозинство граѓани сакаат да бидат информирани кои кандидати за пратеници се планирани за извршни функции и сметаат дека не треба да се кандидираат градоначалниците кои не планираат да бидат пратеници.

### Библиографија

Клековски, С., Нурединоска, Е., Стојанова, Д. (2010) Довербата во Македонија. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка.

Клековски, С., Кржаловски А., Стојанова, Д. (2011) Македонски општествени вредности. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка.